Потребни документи за лекарски прегледи за иселенички визи за САД

**ЗАКАЖУВАЊЕ ЗА АМЕРИКАНСКИ ВИЗИ НА ТЕЛ.БРОЈ 072/443-140 по 14 часот од понеделник до петок.**

Медицинските прегледи за апликантите за иселеничка виза ќе бидат спроведени во ПЗУ ПРИМА-МЕД, Скопје Македонија, со претходно закажан термин, по однапред донесена процедура. Јавното информирање за изведувањето на задолжителните медицински прегледи ќе се врши преку информативни протоколи (писма) од страна на Амбасадата на САД во Скопје, Македонија, за секој апликант, каде ќе бидат наведени адресата, контакт телефонот и редоследот на изведување на прегледите, а исто така и информација за извршување на медицинските прегледи може да се добијат на  веб сајтот на ПЗУ Ре-Медика.

Закажаниот термин за прегледи во ПЗУ ПРИМА-МЕД мора да биде најмалку 10 дена пред датумот на интервју во Американска амбасада Скопје, Македонија.

Терминот се заведува во информативниот болнички систем на Ре-Медика, за секој апликант поединечно со идентификационен број.

Според горенаведеното, апликантите се известуваат за цената на медицинскиот преглед.

Контакт лицето закажува термин за медицински преглед кој ќе биде целосно завршен пред терминот за аплицирање на имиграциони визи.

**Потребни документи за медицискиот преглед за добивање на имиграциона виза за САД:**

- Пасош
- Копија од пасош
- Адреса од Америка
- Case number (документ од Амбасада за закажување пратен по емаил или по пошта)
- ДС 260 (ONLINE АПЛИКАЦИЈА-
- 9 слики ( 5x5) само за апликанти кои не се внесени во електронскиот систем на eMedical
- Вакцинален картон
- Здравствена легитимација
- Отпусно писмо (за претходни хирушки интервенции)
- Прва утринска урина (само за апликанти од 18 до 24 години)

**Прегледот започнува на закажаниот датум во 11.30 часот.**

| ***Задолжителни вакцини*** | ***Возраст*** |
|---|---|
| **- Тетанус** | **-За сите возрасти (не постара од 10 години)** |
| **-Полио IPV вакцина** | **-За сите апликанти на возраст од 2 месеци и постари** |
| **-МРП** | **- Од 1-64 години** |
| **-Хепатитис Б** | **- Од раѓање до 59 години** |
| **-Пнеумокок** | **- Од 2 месеци до 5 години (PCV13)**<br>**-Над 65 години (PCV15, PCV20, PCV23)** |
| **-Сезонски грип** | **- Над 6 месеци (во сезона на грип)** |
| **-ХИБ (хемофилус инфлуенца Б)** | **-Од 2 месеци до 5 години** |
| **-Ротавирус** | **-Од 6 недели до 8 месеци** |
| **Covid вакцина** | **-за апликанти над 12 години** |